

Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија која има основна дејност дистрибуција на електрична енергија на територијата на Република Северна Македонија. Компанијата е дел од Групацијата ЕВН.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

Во одделот Информатички и телекомуникациски технологии за реализирањето на нашите проекти потребен/а е:

# ИТ КОНТРОЛОР (М/Ж)

**Работни задачи:**

- Подготовка на годишен буџет за организациона единица
- Квартално планирање на буџетот
- Споредба на план и остварување, како и анализа на отстапувањата
- Планирање на капацитетите на сите групи во одделот
- Дефинирање, поставување и анализа на клучни индикатори (КПИ)
- Развивање и имплементирање на механизми за контрола на буџетските средства на одделот
- Подготовка на извештаи
- Поддршка во оперативно планирање на одделот
- Следење и контролирање трошоци за ИТ низ различни оддели и проекти
- Идентификување можности за заштеда на трошоците и подобрување на ефикасноста, истовремено обезбедувајќи дека се одржуваат стандардите за квалитет и перформанси
- Менаџирање на релации со надворешни ИТ компании ангажирани од страна на компанијата
- Постојано подобрување на процеси и процедури за подобрување на ефикасноста и ефективноста
- Идентификување можности за автоматизација и оптимизација
- Предлог мерки за оптимизација на организацијата и зголемување на ефикасноста.

**Што очекуваме**

- Високо образование – Технички факултет, Економски факултет (Финансии, Сметководство), Бизнис администрација
- Релевантно работно искуство минимум 3 (три) години
- Познавање на софтвер и алатки за финансиски менаџмент, како и напредни Excel вештини за финансиско моделирање и анализа.
- Пожелно е познавање на системи за планирање на ресурси на претпријатието (ERP).
- Познавање англиски јазик (пишан и говорен)
- Организациски и комуникациски способности
- Желба за постојана надградба и учење

Доколку сте заинтересирани за кариера во Електродистрибуција, на jobs.elektrodistribucija@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 08.10.2024. Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

**Напомена**: Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://www.evn.mk/TopMenu/Career.aspx

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува